# НАОД И МИСЛЕЊЕ

| |
|---|
| НАРАЧАТЕЛ НА ВЕШТАЧЕЊЕ<br>ЕВН Македонија |
| Датум на Вештачење<br>Февруари 2025 |
| Вешто лице: XX |

По барање на XX бев определен да изготвам вешт наод и мислење во врска со настанат пожар на ден 22.02.2025 година во с.XX општина XX.
Во доставеното барање се вели: ,, Во врска со настанат пожар во – прилог фотографии од лице место и записник (ОМС дефект), потребно е направите увид на лице место со цел изготвување на вештачење. Пожарот е настанат во Сабота 22.02.2025 – најверојатно од трето лице.

## НАОД

## I. Општи одредби

На ден 22.02.2025 година во населено место XX општина XX   настанал пожар во приватна куќа
На ден 26.02.2025 година реализирав увид на лице место во присуство на електромонтер на КЕЦ Кичево додека други лица не беа присутни.
 Се работи за многу стар објект кој е скоро целосно е опожарен  при што во еден дел  изгледа како една голема рушевина натрупан со камења од кој што биле изградени ѕидовите на објектот . Објектот бил во безнапонска состојба од порано , исклучен на штендер додека дента кога настанал пожарот електромонтерите на Електродистрибуција  го исклучиле објектот на електричен столб оддалечен неколку метри растојание заради побрза и безбедна интеревенција на пожарникарските служби кои истиот ден го локализирале настанатиот пожар.

Веднаш после избувнување на пожарот интервенирала ТПЕ ( Териоријалната Противпожарна Единица) кои за одредено време успеале да го локализираат и згаснат настанатуот пожар. Веднаш потоа изреагирале стручните лица на Електродистрибуција кои  го исклучиле објектот од ниско напонската мрежа на столб додека самиот објект претходно бил исклучен на штендер.
Објектот се напојувал со електрична енергија од блиска електрична бандера која се наоѓа на растојание од неколку метри.
Во изготвениот документ од страна на Електродистрибуција ДООЕЛ во врска со пожарот забележува дека има дефектни елементи предизвикувани од пожарот - електрични спроводници  додека во делот Забелешка се чита: ,, ***Изгорени два објекти ( Стара продавница и плевна) продавницата претходно беше исклучена на штендер, исклучена е од наша страна на столб , пожарот е пријавен од месното население, далеководот е исклучен во 14:30 заради побрза интервенција на пожарната служба ,,***

На основ на утврдената состојба затекната на лице место при реализиран увид на ден 26.02.2025 година село XX , според приложените фотографии и изјави на стручни лица при Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје-КЕЦ Гостивар, по барање на XX, како вешто лице го давам следното мислење:

# МИСЛЕЊЕ

На ден 22.02.2025 година во населено место XX општина XX настанал пожар во стара продавница и плевна . После одредено време пристигнале припадници на противпожарна екипа  кои веднаш го лоцирале пожарот и после одредено време целосно го изгаснале овозможувајќи при тоа да не се прошири пожарот  на други соседни објекти.
  Надлежните лица на Електродистрибуција пристигнале на лице место , и веднаш
 го исклучиле објектот од ниско напонската мрежа на електричен столб  заради безбедносни причини и побрза реакција на противпожарната единица со тоа што самиот објект  (продавницата) бил исклучен од мрежа на штендер од порано .
Од досега неразјаснети причини пожарот најпрво настанал во делот од објектот наречен плевна проширувајќи се потоа кон останатиот дел од објектот ткн стара продавница предизвикувајќи интензивен пожар  .
Во делот на електрична инсталација поточно во ткн надворешен приклучок каде одговорноста е на снабдувачот со електрична енергија  не се воочени никакви  оштетувања ,куси врски , прегорени кабли или други пропратни дејствија  кои би го предизвикувале пожарот што значи дека настанатиот

пожар не е резултат на неисправна електрична инсталација во делот на надворешениот приклучок каде за одржување на мрежа одговорен е операторот за снабдување со ел.енергија.

Вешто лице:
XX